РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 10-589/2
07.08. 20 25 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Одговор на Барање бр. 10-589/1 од 25.7.2025 година, поднесено од Хелсиншки комитет за човекови права – Скопје.

1. **Колку претставки се поднесени пред Комисијата во период од 01.04.2025 до 30.06.2025 година**
   - Во извештајниот период пред Комисијата се поднесени 118 претставки.
2. **Колку од тие претставки се поднесени од жени?**
   - Во извештајниот период поднесени се 42 претставки од жени.
3. **Колку од тие жени се припаднички на некоја од маргинализираните заедници (жени од руралните средини, жени од ЛГБТИ заедницата, жени кои употребуваат droги, сексуални работнички, осуденички, бездомнички)?**
   - Во извештајниот период до КСЗД се поднесени 4 претставки од жени со место на живеење во рурална средина
4. **Колку од жените кои поднеле претставки до Комисијата се од Скопскиот плански регион?**
   - Во извештајниот период до Комисијата се поднесени 16 претставки од жени со место на живеење во општините од Скопскиот плански регион
5. **Дали и колку од претставките се поднесени онлајн или на конвенционален начин (пошта или директно во просториите на Комисијата)?**
   - Во извештајниот период, од претставките поднесени од жени, онлајн се доставени 27 претставки, а 15 претставки се поднесени на конвенционален начин.
6. **Колку од поднесените претставки од жени се отфрлени и колку од тие се од жени припаднички на маргинализираните заедници (жени од руралните средини, жени од ЛГБТИ заедницата, жени кои употребуваат дроги, сексуални работнички, осуденички, бездомнички)?**
   - За претставките кои се поднесени во извештајниот период од жени, донесени се 13 заклучоци за отфрлање на претставка, односно за непостапување или запирање постапката. Од нив, 2 се однесува на претставки од жени припаднички на маргинализираните заедници, односно жени од рурални средини.
7. **Во колку претставки комисијата утврдила дискриминација и дали станува збор за интерсекциска дискриминација?**
   - Од претставките поднесени во извештајниот период од жени, КСЗД во извештајниот период нема донесено мислење со кое се утврдува дискриминација[1].

---

[1] Забелешка: податоците во одговорите на прашањата под реден број 6 и 7 се однесуваат на статусот на претставките заклучно со 05.08.2025 година. Заклучно со овој датум, КСЗД нема донесено одлука за 25 од претставките кои се поднесени од жени во периодот од 01.04.2025 до 30.06.2025 година, односно истите се во тек.

Комисија за спречување и
Заштита од дискриминација
Лимко Бејзароски
претседател